Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 285/0306
22.12 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 28 октомври 2023 година, врз основа на примена жалба од XXX XXXX, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**Текстот со наслов „*Пожари: Потребен е албанско-бугарски сојуз против заедничкиот непријател*“, објавен на порталот ЗУМ.мк на 28.10.2023 година, не отстапува од професионалните и етички стандарди утврдени во Кодексот на новинарите на Македонија.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ) на 19 октомври 2023 година, лицето XXX XXXX поднесе жалба за текстот со наслов „ ***Пожари: Потребен е албанско-бугарски сојуз против заедничкиот непријател***“, објавен на порталот ЗУМ.мк на 28.10.2023 година.

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ) на 28 октомври 2023 година, лицето XXX XXXX поднесе жалба за текстот со наслов „Пожари: Потребен е албанско-бугарски сојуз против заедничкиот непријател“. Жалителот смета дека прекршени се членот 3 од Кодексот на новинарите. Во жалбата се истакнува дека текстот го прекршува Кривичниот законик, и тоа во делот на ширење расистички и ксенофобичен материјал преку компјутерски систем, бидејќи “текстот е навреда не само кон Македонците, туку предизвикува нетрпеливост и кон останатите заедници кој живеат во државата.“

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет – порталот „Зум.мк “ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Во име на порталот Зум.мк, одговор достави главниот и одговорен уредник Насер Селмани, во кој се вели дека станува збор за колумна на аналитичарот од Косово, Џевдет Пожари, објавена во косовскиот портал Фронт онлајн, пренесена и од бугарската агенција БГНЕС. Истата колумна е реобјавена и од седум други онлајн портали на албански јазик во Северна Македонија. Во колумната аналитичарот изнесува став дека српско-албанските односи се проблематични и ја промовира идејата за сојузништво со Бугарите и Бугарија за да се бранат од заедничката закана. Нема никаква дилема дека во текстот нема елементи на расистички и ксенофобичен говор како што тврди жалителот, вели Селмани во неговиот одговор.

Во продолжение тој истакнува дека авторот во текстот тврди дека „...Албанците имаат најголем проблем со Србите“, но веднаш во следната реченица појаснува дека неговите оценки се однесуваат на српската политика, а не на Србите како народ. Уште почудна е констатацијата на жалителот дека текстот ги навредува Македонците и индицира нетрпение кон останатите заедници во Северна Македонија, кога во ниедна реченица во колумната тие не се спомнуваат во ниту еден контекст.“

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е НЕОСНОВАНА и со мнозинство гласови утврди дека во текстот не е прекршен ниту еден член од Кодексот на новинарите.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 09 ноември 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата одлучи дека во текстот се пренесени лични мислења, ставови и погледи на аналитичарот Џевдет Пожари. Членовите на Комисијата не можеа да најдат прекршување на Кодексот на новинарите во објавениот текст.

Сепак, Комисијата ги повикува медиумите да бидат внимателни кога пренесуваат сензитивни содржини, кои можат да ги нарушат меѓуетничките и интеркултурните односи во земјата, како и да водат сметка дека медиумите имаат важна улога да придонесуваат кон општествената кохезија, заедничките вредности и соживот на различните културни заедници во земјава.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре образложено.

Во расправата за оваа точка учествуваа следните членови на Комисијата: Мирче Адамчевски, Мери Јордановска, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Димитар Мицев, Снежана Трпевска и Ердем Ахмет.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија — Претседател на Комисијата за жалби

Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595